**Philological Studies**
**Филолошки студии**
**Filoloske pripombe**
**Филологические заметки**
**Filoloske studije**
**UDC 80**
**UDC 93/94**
**UDC 1**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Македонија**
**Пермский государственный университет, Роосия**
**Univerza v Ljubljani, Slovenija**
**Sveučilište u Zagrebu, Hrvatska**
**Институт за књижевност и уметност, Београд**

**ISSN 1857 6060**

Уредници


- **проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева** - Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија (одговорна за изданието на Интернет) jasminamg@gmail.com
- **проф.д-р Тамара И. Ерофеева** - Филологически факультет, Пермский государственный национальный исследовательский университет, Россия erofkaf@rambler.ru
- **prof. dr. Zvonko Kovač** - Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska zkovac@ffzg.hr
- **doc. dr. Mladen Uhlik** - Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, mladen.uhlik@gmail.com
- **др Лидија Делић -** Институт за књижевност и уметност, Београд, Србија, lidija.boskovic@gmail.com
- **doc. dr. Sanjin Kodrić** - Filozofski fakultet, Univerzitet u Sarajevu, Bosna i Hercegovina, **sanjin_o_kodric@hotmail.com**
- **prof. Dr. Robert Hodel -** Institut für Slawistik, Universität Hamburg, Deutschland
- **prof. Dr. Branko Tošović** - Institut für Slawistik, Karl-Franzens-Universität Graz,Österreich
- **ст.наук.сп., канд.філол.н. Оксана Микитенко** - Інститут мистецтвознавства, фольклористики та етнології ім.М.Т.Рильського НАН України, Київ, Україна
- **доц. Наталия В. Боронникова** - Филологически факультет, Пермский государственный национальный исследовательский университет, Россия
- **асис. м-р Дарин Ангеловски** - Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
- **проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска** – Институт за национална историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
- **проф. д-р Борис В. Кондаков** - Филологически факультет, Пермский государственный национальный исследовательский университет, Россия
- **проф. д-р Максим Каранфиловски** – Филолошки факултет„Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
- **prof. dr. Žiga Knap** - Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, Slovenija
- **проф. д-р Лидија Тантуровска** - Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
- **prof. dr. Borislav Pavlovski** - Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska
- **проф. д-р. Белоусов Константин Игоревич -** Филологически факультет, Пермский государственный национальный исследовательский университет, Россия
- **prof. dr. Janez Vrečko** - Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, Slovenija
- **asist.dr. Ivica Baković** - Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska
- **доц. Мария Б. Проскурнина -** Институт славяноведения РАН, Москва, Россия.
- **asist.dr.Ivana Latković** - Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska
- **асис. д-р. Гоце Смилевски** - Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Македонија
- **doc. dr. Đurđa Strsoglavec** - Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, Slovenija
- **prof. dr. Željka Fink-Arsovski** - Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Hrvatska
- **проф. д-р. Олена Горошко** - Національний технічний університет «Харківський політехнічний інститут», Харків, Україна
- **др Марија Шаровић -** Институт за књижевност и уметност, Београд, Србија
- **др Игор Перишић**, Институт за књижевност и уметност, Београд, Србија
- **doc. dr. Namita Subiotto** - Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani, Slovenija

2015, ГОДИШТЕ XIII, БРОЈ 1

## ФИЛОЗОФКО-КУЛТУРОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ

**изворен научен труд**
Катерина Младеновска-Ристовска
ЖИТОТО, ЛЕБОТ И БРАШНОТО ВО ОБИЧАИТЕ НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ: ПАРАЛЕЛИ СО ПОДОЦНЕЖНАТА МАКЕДОНСКА ТРАДИЦИЈА
**УДК: 633.1:39(38) 392.8(38) 392.8(=163.3)**

**izvorni znanstveni rad**
Ivana Peruško
ČUDOVIŠNI SSSR I MITSKA ZEMLJA JUGOSLAVIJA
**UDC: 7:316.75(497.13)"1945/..."**

**изворен научен труд**
Јасминка Ристовска-Пиличкова
ЛАЗАРСКИТЕ ОБРЕДНИ ФОРМИ И ДЕЈСТВИЈА, ИЗРАЗ НА ЖЕНСКАТА ПУБЕРТЕТСКА ИНИЦИЈАЦИЈА НА ПРЕМИН – НИЗ ПРИМЕРИ ОД МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКОР
**УДК: 392.17/.18-055.2(=163.3) 398.332.1(=163.3)**

## ИСТОРИЈА И ФИЛОЛОГИЈА

**изворен научен труд**
Дарин Ангеловски
РЕЦЕПЦИЈАТА НА ХОМЕРСКАТА ПОЕЗИЈА ВО НАЈСТАРИ ВРЕМИЊА
**УДК: 821.14'02.09-13 Хомер**

**статья по специальности**
Саидат Ф. Данилова
ПАРАЛЛЕЛЬ «ПЕТЕРБУРГ – ВЕНЕЦИЯ» В «ЧЕТКАХ» АННЫ АХМАТОВОЙ
**УДК: 398.5 (470.5)**

**статья по специальности**
Наталья Б. Лапаева
«УМЕТНИК ОД РУСИЈА»: МАКЕДОНСКИЕ СТРАНИЦЫ ЖИЗНИ И ТВОРЧЕСТВА ХУДОЖНИКА – ЭМИГРАНТА ИВАНА МЕЛЬНИКОВА
**УДК: 82-4**

**прегледен труд**
Силвана Сидоровска-Чупоска
АКТИВНОСТИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСТВОТО И ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА ЦРКОВЕН И ПРОСВЕТНО-КУЛТУРЕН ПЛАН (ПРЕД И ПО БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС)
**УДК: 323.1(=163.3)(560)"186/187" 316.344.42(=163.3)(560)"186/187"**

**статья по специальности**
Елена В. Шимко
ФИЛОСОФСКИЕ АСПЕКТЫ СМЕНЫ ЛИНГВИСТИЧЕСКОЙ ПАРАДИГМЫ В ОПИСАНИИ ЦЕРКОВНО-СЛАВЯНСКОГО ЯЗЫКА
**УДК: 821.161.1’06: 821.161.1’04**

## ЗБОРОТ ВО ИСТОРИСКО-КУЛТУРОЛОШКИОТ КОНТЕКСТ

**izvirni znanstveni članek**
Boris A. Novak
VERZIFIKACIJSKE RAZLIKE V POEZIJI JUŽNOSLOVANSKIH NARODOV NA ŠIRŠEM MEDNARODNEM OZADJU
**UDC: 821.16.09-1:801.6**

**статья по специальности**
Варвара А. Бячкова, Борис М. Проскурнин
ТРОЛЛОП И СЛАВЯНСКИЙ МИР: ЗНАКОМСТВО НА РАССТОЯНИИ
**УДК: 821.111**

**izvorni znanstveni članak**
Anita Hrnjak
POGLED NA LJUDSKI RAD I OBAVEZE KROZ PRIZMU RODNO OBILJEŽENE FRAZEOLOGIJE HRVATSKOGA I RUSKOG JEZIKA
**UDC: 811.163.42'373.7 811.161.1'373.7 305-055.1/.2**

## ЛИТЕРАТУРАТА ВО ИНТЕРКУЛТУРЕН КОНТЕКСТ

**izvirni znanstveni članek**
Наташа Анђелковић
ОД МАЛОГ ГРАЂАНИНА ДО ПРИНЦА КАРНЕВАЛА: ОДНОС КАРНЕВАЛИЗАЦИЈЕ И ОБЛИКОВАЊА ИДЕНТИТЕТА У ЧАРОБНОМ БРЕГУ ТОМАСА МАНА
**УДК: 821.112.2.09-31 Ман Т.**

**izvirni znanstveni članek**
Milena Mileva Blažić
ZBIRKA MAKEDONSKIH LJUDSKIH PRAVLJIC SONČEVA SESTRA V MEDKULTURNEM KONTEKSTU
**UDC: 821.163.3.03-342:398=163.6 801.73**

**изворни научни чланак**
Кринка Видаковић-Петров
A COMPARATIVE APPROACH TO THE BALLAD OF THE HIDDEN DEATH: MEANING, STRUCTURE, TECHNIQUES
**УДК: 821.09:398-144**

**изворни научни чланак**
Kristīne Konrāde
THE FABB AND HALLE’S THEORY OF METER IN POETRY AND THE LATVIAN DAINAS
**УДК: 821.172.09-1:398]:801.6**

**статья по специальности**
Максим В. Норец
«КЛЕТОЧНАЯ» МОДЕЛЬ ЖАНРОФОРМИРОВАНИЯ КАК ОСНОВА ЖАНРА ШПИОНСКОГО РОМАНА
**УДК: 821.111**

**претходно соопштение**
Гоце Смилевски
ЗАЗОРОТ И ДИСЛОКАЦИЈАТА ВО ДРАМСКИТЕ ТЕКСТОВИ „КАЗАБАЛКАН“, „ЕВРОАЛИЕН“ И „ХОТЕЛ ЕВРОПА“ ОД ГОРАН СТЕФАНОВСКИ
**УДК: 821.163.3.09-2 Стефановски Г.**

## СОВРЕМЕНИОТ СОЦИУМ ВО КУЛТУРА, ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА

**статья по специальности**
Анна А. Арустамова, Ксения В.Виноградова
ДНЕВНИК В. И. ИВАНОВОЙ: АВТОР И ТЕСТ
**УДК: 398.5 (470.5)**

**izvirni znanstveni članek**
Ana Žabkar Šalić
DRUŽINA IN DRUŽBA V ROMANU GNOJ WOJCIECHA KUCZOKA
**UDC: 821.162.1.09-31 Кучок В.**

**прегледен труд**
Виолета Јанушева, Јана Јуруковска
ГОЛЕМАТА (МАЛАТА) БУКВА ВО ПИШАНАТА ПРАКТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК (ПОИМИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО)
**УДК: 811.163.3'35**

**изворни научни чланак**
Јеленка Пандуревић
РУКОТВОРИНЕ – УМОТВОРИНЕ – КЊИЖЕВНОСТ: ПЛЕТЕНИЈЕ СМИСЛА
**УДК: 050СРПКИЊА"1913" 746:39(=163.41):305-055.2 821.163.41.09**

**статья по специальности**
Elizaveta A. Smirnova
FUNCTIONING OF DENOMINAL VERBS IN MODERN RUSSIAN
**УДК: 81, 81’37, 811.161.1**

**izvorni znanstveni rad**
Ivana Latković
TEKSTUALNE I PUTNIČKE PRAKSE U SUVREMENOM SLOVENSKOM PUTOPISNOM ROMANU
**UDC: 821.163.6.09-31 Флисар Е. 821.163.6.09-31 Блатник А.**

## ПРОУЧУВАЊЕ НА ГОВОРОТ. ЛИНГВОДИДАКТИКА

**статья по специальности**
Елена П. Карзенкова
ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ БЛИЗКОРОДСТВЕННЫХ ЯЗЫКОВ В СИТУАЦИИ ОБУЧЕНИЯ
**УДК: 811.161.1 + 811.161.2**

**izvirni znanstveni članek**
Matej Šekli
STAROROMANSKA ZEMLJEPISNA IMENA V JUŽNI SLOVANŠČINI IN POZNOPRASLOVANSKE GLASOVNE SPREMEMBE
**UDC: 811.163΄373.21 811.163΄362.62**

## [РЕЦЕНЗИИ]

**рецензија**
Смиљана Ђорђевић Белић, Јасмина Катински
ЗБОРНИК РАДОВА САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА II
**УДК: 398(497.11)"19/20"(082)(049.32) 811.163.41.09:398(082)(049.32)**

**recenzija**
Ivana Eterović
VRHUNSKI UDŽBENIK ZA SLAVENSKU POREDBENU GRAMATIKU
**UDC: 811.16́36(075.8)(049.32) 811.16́34(075.8)(049.32) 811.1/.2́34(075.8)(049.32)**

**стручен труд**
Ранко Младеноски
ДЕМАСКИРАЊЕ НА ИЛУЗИИТЕ ЗА „НОВИТЕ" ТЕОРИИ
**УДК: 82.0(049.32)**

**рецензија**
Слободанка Пековић
ЛАЗА ЛАЗАРЕВИЋ ≈ СИМО МАТАВУЉ // ДРАГАНА ВУКИЋЕВИЋ ≈ СНЕЖАНА МИЛОСАВЉЕВИЋ МИЛИЋ
**УДК: 821.163.41.09 Лазаревић Л.(049.32) 821.163.41.09 Матавуљ С.(049.32)**

**стручен труд**
Бијлана Ристовска-Јосифовска
МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „КАВКАЗОТ – КАРПАТИТЕ – БАЛКАНОТ: ГЕОПОЛИТИЧКИ, ЕТНОКОНФЕСИОНАЛНИ, РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ КОМПОНЕНТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ МЕНТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО 18–20 ВЕК" (Ставропол, 27–28 јуни 2014)
**УДК: 930.85(4):005.745(470)"2014"(049.32)**

**стручен труд**
**УДК: 82.0(049.32)**

# ДЕМАСКИРАЊЕ НА ИЛУЗИИТЕ ЗА „НОВИТЕ“ ТЕОРИИ

*(Венко Андоновски, Обдукција/абдукција на теоријата. Т 1. Жива семиотика, Галикул, Скопје 2011)*

## 1. Вовед

Како што нагласува и самиот автор во предговорот од оваа книга, станува збор за првиот том од серијата книги „Обдукција/абдукција на теоријата“ (авторот најавува вкупно пет тома) со наслов „Жива семиотика“. Насловот, се разбира, сам по себе е импликација за тоа дека во книгата се елаборираат проблемски прашања од областа на семиотиката (семиологијата), но Андоновски е свесен дека таа наука не е изолирана, па во предговорот нагласува:

> „...во книгава беше невозможно да се повлече строга граница меѓу семиотиката и сите оние дисциплини кои или ја инспирирале, или повратно, се хранеле од неа – лингвистиката, семантиката, стилистиката, наратологијата, културологијата, теоријата на говорните чинови, теоријата на искажувањето, теоријата за говорниот субјект и дискурсите, психоанализата“. (стр. 6).

На тој начин, впрочем, *Жива семиотика* станува енциклопедија за голем број научни дисциплини што меѓусебно интерферираат и се надополнуваат. И токму затоа погоре тврдиме дека ова е, всушност, книга-сублимат на сите научни дисциплини што на кој и да е начин граничат или интерферираат со теоријата на книжевноста.

Книгата *Жива семиотика* од Андоновски ги содржи следните делови: предговор на авторот со наслов „Зошто ваква книга“, „Хумористично-научен манифест на проектот ’Обдукција/абдукција на теоријата‘ (девет методолошки заповеди)“, прв дел со наслов „Жива семиотика“, втор дел со наслов „Поими“, трет дел со наслов „Облекување на семиотиката“, а на крајот, покрај библиографијата (користената литература), е приложен и детален индекс на термини именуван како „Глосариум: глоси и ’споредни‘ термини“. Ќе се осврнеме посебно на овие сегменти што ја сочинуваат книгата за која зборуваме.

## 2. Предговорот и манифестот

Во „Зошто ваква книга“ (предговорот) Андоновски ја објаснува генезата на овој прв том со наслов *Жива семиотика* (во извесни околности поврзан и со проектот „Поимник на книжевната теорија“ од МАНУ), но и раѓањето на идејата за серијата „Обдукција/абдукција на теоријата“. Во таа смисла, Андоновски децидно појаснува:

> „Целта на оваа серија е да се тестираат денешните можности на наведените теории, со кои сум се занимавал на повеќе или на помалку систематски начин. Со други зборови, во време кога многу лесно на теориско-филозофскиот хоризонт на хуманитарните науки се јавуваат ’нови‘ теории, а некои со леснотија се прогласуваат за стари и ’мртви‘, кога и за филологијата многумина сметаат дека е мртва (особено откако интересот за текстот се помести од филолошките подрачја кон културолошките), сакав да проверам – дали навистина постојат ’мртви‘ теории, и ако веќе е така, за кои нејзини сегменти (поими) станува збор. Преку ’обдукцијата‘ на клучните поими (нивна дескрипција и тест за применливост), можно е да се утврди што од теорискиот вокабулар (од најразлична методолошка провиниенција) треба да се абдуцира (отфрли), а што е уште употребливо. Резултатите од моето прво искуство, од овој том, се исклучително интересни – најголем број семиотички поими се и денес живи, транслатирани на подрачјата на граничните хуманитарни дисциплини, и најчесто – невидливо модифицирани од нивна страна. Убаво препакувани во нови теориски фолии и машнички“. (стр. 5-6).

Читаме овде еден јасно изразен сомнеж (примарниот и основен чекор на секој што сака да се занимава со наука!) кон тврдењата за постоење на „мртви“ теории и кон божемната оригиналност на „новите“ теории. Тој сомнеж води кон неверување и кон проверување на „сомнителните“ тези што е и основната задача поставена во оваа книга. И тоа може да се прочита (да се увиди) буквално на секоја страница од *Жива семиотика*.

Ваквиот скептицизам кон теориите и кон нивната наводна беспрекорна функционалност е особено изразен во манифестот. На еден мошне прониклив, суптилен и хумористичен (би рекле – саркастичен) начин Андоновски ги маркира, во сублимиран вид, темелните и суштински недостатоци на досегашните теориски модели (школи, формации, методологии) чија базна цел била (и сè уште е) растајнувањето на феномените на текстот во најопшта смисла. Токму затоа го приложуваме овде во интегрална форма манифестот со наслов „Хумористично-научен манифест на проектот

’Обдукција/абдукција на теоријата‘ (девет методолошки заповеди)“ без да даваме какви било дополнителни коментари:

> „1. Не верувај му на формалистот, затоа што мисли дека ќе ја изолира литерарноста од преѓата на текстот, како што наивен хемичар верува дека соленоста на солта (натриум хлорид) може да се извади од неа ако се извади или натриумот или хлорот, па ќе остане зачуден кога ќе види дека ни едниот ни другиот не се солени, туку солена е само нивната врска;
>
> 2. Не верувај му на структуралистот и на неговите длабински структури, оти ќе те убеди дека исто е да слезеш во светот на мртвите по Евридика и во визба, по кисела зелка;
>
> 3. Не верувај му на деконструктивистот, затоа што урива логоцентризам со совршена логика, го побива трансценденталното означено (Бога) откако претходно ќе ве убеди дека Бог не постои; затоа, личи на ѕидар кој го згрешил алатот – урива ѕид со мистрија, а гради со копач;
>
> 4. Не верувај му на феноменологот, затоа што кога ќе помине на црвено, ќе го убеди и сообраќаецот дека со еидетска редукција го видел само феноменот на црвеното, но не и црвеното светло на семафорот;
>
> 5. Не верувај им на феминистките, затоа што ќе те убедат дека книжевноста отсекогаш била облечена во машки панталони со шлиц за (лого)фалусот, и дека конечно треба да се преслече во мини фустан, макар и квадрицепсите и листовите на нозете да останат машки;
>
> 6. Не верувај му на постколонијалниот критичар, затоа што ќе ти докаже дека робот господари со господарот, бидејќи нема поголемо ропство од господарењето, ниту поголема доминација од робувањето;
>
> 7. Не верувај им на теоретичарите на културниот хибриден идентитет, затоа што ќе те убедат дека кочанскиот и кинескиот ориз како хибридни укажуваат дека Кочани е во Кина, а Пекинг во Македонија;
>
> 8. Не верувај му на марксистот, затоа што ни Маркс не би му верувал, кога би видел што сторија од неговата проста и едноставна програма за подобар свет!
>
> 9. Верувај дека не треба да им веруваш, и навистина ќе поверуваш дека им веруваш!“. (стр. 8).

### 3. За живата семиотика

Во првиот дел со наслов „Жива семиотика“ се појаснуваат проблемите поврзани со двете суштински прашања на кои треба да одговори оваа книга. Прво, дали семиотиката навистина е „мртва“ и, второ, дали „новите“ филолошки теории се (односно биле) навистина нови и автентични, односно „оригинални“. Поттиците и мотивите за ваквите идеи доаѓаат од обесхрабрувачкото сознание, но и чувство

дека секоја теорија има „рок на употреба". Тоа сознание, тоа чувство кај истражувачот (теоретичарот) се јавува по извесен период на примена на одредена теорија или, како што вели Андоновски, доаѓа еден „чуден момент кога теоријата што ја застапувал му изгледа потрошена", односно „мртва". Обдукцијата на тоа „мртво тело" на теоријата, односно обдукцијата на термините на таа теорија, ќе покаже дека неа ја егзекутирале „исклучиво неталентираните и некреативни епигони, буквалисти и голи формалисти". Сепак, таа обдукција ќе покаже и нешто друго – дека некои од термините на „мртвата теорија" се сè уште живи во „книгите на луѓе кои исто така верувале и ја застапувале таа теорија, и кои со сите сили се обидувале да ѝ ја сочуваат душата, а не телото". Тајната се состои во тоа што тие теоретичари ги адаптирале книжевно-теориските термини (теориските „алатки") кон потребите на конкретниот нов текст, но и ги „рециклирале" старите термини со што создале нови и употребливи теориски „алатки" за интерпретација на новите книжевни дискурси. Меѓутоа, обдукцијата на наводно „упокоената" теорија (семиотиката) ќе покаже и нешто трето што е, исто така, многу интересно – дека таа теорија е жива во други „тела", во „телата" на помодерните теории. И откако ќе бидат поставени ваквите тези, Андоновски, се разбира, не застанува тука, ами ќе понуди поголем број илустрации за таквите непобитни тврдења што конкретно се однесуваат на семиотиката.

Идејата на Андоновски, всушност, е да покаже во колкава мера новите теории позајмувале од „повозрасните" теории при што таквите позајмици најчесто биле премолчувани. Терминот *Другиот* (*Другоста*), на пример, што се јавува како клучен во теориите за идентитетот, е позајмен од семиотичките расправи на Роман Јакобсон за фонемата (во „Темелите на јазикот", заедно со Морис Хале), односно од неговата теза за фонемите како ознаки за другоста: „Сите фонеми не означуваат ништо друго освен обична *другост*". Покрај тоа, свеста за *Другоста* (и *Истоста*) се јавува и кај Ото Јесперсен во неговата „Филозофија на граматиката" (зборот „јаболко" како преферирана *Истост* наспроти *Другоста* рефлектирана во различните јаболка), но и во семиотиката на комуникацијата, односно во комуниколошките расправи (кај говорните субјекти, адресантот и адресатот, треба да има *Истост*, но и *Другост* како неопходни услови за реализацијата на комуникацијата). Сето тоа значи дека тие „нови" теории за идентитетот (национален, културен, родов) само го адаптирале веќе постоечкиот термин *Другост* кон својот предмет на истражување и проучување. И токму затоа Андоновски тврди дека наводно „мртвата" семиотика е, всушност, жива (реинкарнирана) во други, понови теории. Идентичен е и примерот со терминот

фокализација („точка на гледање“ при што „гледањето“ треба да се сфати како интерпретативен и идеолошки чин) што како идеја е доминантен во имагологијата. Таа идеја, всушност, потекнува од основоположникот на лингвистиката, Фердинад де Сосир, кој во неговата „Општа лингвистика“, меѓу другото, пишува: „Точката на гледање го определува предметот на проучување“. Или, пак, терминот *интертекстуалност* (со секундарните термини *хипотекст* и *хипертекст*), како омилен термин на постструктуралистите и на постмодернистите, не е ништо ново, туку негова „мајка“ е една реченица на Чарлс Морис што Андоновски ја наведува во овој прв дел од книгата: „Не постои знак со нулта синтаксичка димензија“. Таа реченица, елаборира Андоновски, покажува дека знакот, за да постои, мора во свеста да евоцира цела серија од други, претходни знаци, па се наведува примерот со актот на дефинирањето како интерзнаковен чин (за да се дефинира знакот „маса“ треба да се повикаат на помош други знаци па да се каже дека „маса е предмет со водорамна површина и со четири ногарки, кој служи за јадење, пишување или други активности“). Тоа значи, поентира Андоновски, дека теоретичарите на интертекстуалноста само го замениле терминот *знак-лексема* со терминот *текст*. Авторот на оваа книга дури нè враќа уште поназад потсетувајќи на термините *репрезентамен* и *интерпретант* предложени уште во 19 век од Чарлс Саундер Пирс. Имено, *репрезентамен* е *хипотекст*, а *интерпретант* е *хипертекст* во теоријата на интертекстот па така станува јасно дека новата теорија, всушност, и не била толку „нова“ како што се прикажувала.

Андоновски наведува и елаборира уште голем број вакви „нови“ термини (*архитекст, семиосфера, митема*...) како примери при што опширно зборува за нивното потекло од други, автентични извори. Тоа, секако, му дава право на крајот од првиот дел од оваа книга да заклучи:

> Тоа е само уште еден доказ за мојата претпоставка дека многумина „нови“ теоретичари премолчено ја градат својата инаку раскошна теориска кула врз веќе постоечки, најчесто семиотички темели. Жално е кога тоа го премолчуваат. Затоа се јавува оваа книга, и посебно – двата есеја... Тие треба да покажат дека семиотиката е сè уште жива и во други теориско-методолошки тела“. (стр. 24).

Сите вакви тези на Андоновски, всушност, се најсолидно поткрепени во вториот дел од оваа книга со наслов „Поими“, односно со глосарот.

## 4. Речникот (глосарот)

Основата на оваа книга на Андоновски, сепак, ја сочинува речникот, односно глосарот, како што вели авторот. Станува збор за речник на термини, пред сѐ, од семиотичка провиниенција, но како што и нагласивме погоре, семиотиката не е изолирана научна дисциплина па затоа во овој речник ќе се сретнат и термини од лингвистиката, семантиката, стилистиката, наратологијата, културологијата, психоанализата итн. Не е неточно дури и да се каже дека ова е речник на теоријата на книжевноста оти сите тие дисциплини се слеваат во оваа спознајна поддисциплина како дел од науката за литературата. Од друга страна, може да се рече дека овој преглед на семиотичките термини и на термините што на овој или на оној начин гравитираат кон семиотиката има и енциклопедиски карактер затоа што дескрипциите и дефинициите (определувањето, поимањето) на термините содржат екстензивни елаборации за нивната појава, еволуција, трансформација и интеракција. Тоа значи дека читателот добива еден целосен приказ на дијахронијата и на синхронијата на обработените термини.

Во речникот темелно се обработени голем број суштински термини од семиотиката и од сродните научни дисциплини. Да наведеме некои од нив колку за илустрација: *адресант*, *адресат*, *актант*, *афазија*, *дискурс*, *егзистент*, *знак*, *значење*, *идеологема*, *изотопија*, *изохронија*, *интермедијалност*, *јазик*, *код*, *контекстуализација*, *медиум*, *метатекстуалност*, *метафора* (*метафоричен пол на јазикот*), *метонимија* (*метонимиски пол на јазикот*), *модел*, *ознака*, *опозиција*, *парадигма*, *перлокуција*, *порака*, *прагматика*, *прашки структурализам*, *референцијалност*, *фенотекст*, *фонема*, *цитат* итн. Дури и на помалку упатениот читател му станува јасно дека овде имаме работа со голем број термини од мултидисциплинарен карактер.

Но, привлечноста и практичната употребливост на оваа теориска енциклопедија доаѓа до вистински израз со начинот (методот) на кој се протолкувани термините. Андоновски ги разгледува тие термини од повеќе аспекти, односно ги елаборира сите сфери на нивната примена. Да го земеме како пример терминот *адресант* (првиот од списокот) кој, како што потенцира авторот, најчесто се дефинира во опозиција со терминот *адресат*. Во речниците обично ќе најдете кратко објаснување дека адресант е испраќач, а адресат примач на пораката. Меѓутоа, во овој глосар на Андоновски тоа не е така. Овде, овие два термини (*адресант* и *адресат*) добиваат едно опширно и сестрано толкување. Прво, се елаборира значењето (и улогата!) на овие два термини во

комуникативниот модел на Роман Јакобсон со тоа што се наведуваат шесте елементи на тој модел: испраќач на пораката (адресант), примач на пораката (адресат), комуникациски контекст или референт (онаа „стварност“ или „свет“ на кој/а се однесува пораката), контакт (или канал на комуникацијата), самата порака (она што се пропушта низ каналот на комуникацијата) и код („јазикот“ на комуникацијата во најопшта смисла на зборот). Дури потоа се појаснува дека *адресантот* е вистинското „срце“ на секоја комуникација и дека од него потекнува намерата за комуникација, односно интенционалноста како основна особина на чинот на комуникацијата, како и тоа дека адресатот само навидум изгледа како „пасивен“ елемент во комуникацијата затоа што најголемиот број комуникативни системи се реверзибилни и во нив адресатот (примачот) може да учествува активно (откако ќе ја декодира пораката, да одговори на таа порака) и со тоа се преобразува во адресант. И, се разбира, се појаснуваат тука и многу други особини на комуникативниот модел на Јакобсон. Второ, се елаборира значењето и улогата на термините *адресант* и *адресат* во актантниот модел на Алжирдас Грејмас: адресант – оној кој или она што го поттикнува и го мотивира субјектот да дојде до својот објект/цел на нарацијата; адресат – оној или оние ликови кои ќе стекнат бенефит доколку субјектот дојде до својата посакувана цел. Но, за да може понеупатениот читател да ги разбере овие значења на термините *адресант* и *адресат*, накратко се објаснети суштинските особини на актантниот модел на Грејмас составен од шест актантни функции: субјект, објект, адресант, адресат, помошник и противник. Трето, се укажува на конкретното значење на термините *адресант* и *адресат* во процесот на литературната комуникација. Адресант е авторот, а адресат читателот. Покрај тоа, овие два термини (*адресант* и *адресат*) се поврзуваат и со шемата на наративна комуникација предложена од Симор Четмен, а составена од шест елементи: реален автор, имплицитен автор, наратор, наратер, имплицитен читател и реален читател. Првите три елементи (реален автор, имплицитен автор и наратор) ја имаат улогата (функцијата) на испраќачи (*адресанти*), а преостанатите три елементи (наратер, имплицитен читател, реален читател) ја имаат улогата на примачи (*адресати*). Се разбира, Андоновски ги појаснува посебно сите шест составни елементи на споменатата шема на наративната комуникација. Меѓутоа, тоа не е сè што се нуди во дефинирањето на овие две речнички одредници (*адресант* и *адресат*). Авторот упатува на поврзаноста на овие два термини со други термини што се, исто така, опширно разработени во овој глосар, како што се, на пример, *функција, јазик, дискурс, порака, интермедијалност* и *актант*. Се создава на тој начин една мрежа од информации со чија

помош читателот добива заокружена и јасна слика за одредено теориско (најчесто семиотичко) прашање.

На идентичен начин се дефинираат и другите термини во речникот од *Жива семиотика*. Да го покажеме тоа накратко преку уште еден пример, односно преку елаборацијата на значењето на терминот *метафора* – „кралицата" на поезијата. Андоновски не се задржува само на штуро дефинирање на терминот туку ја предочува пред читателот неговата појава и еволуција. Почетоците на теориската размисла за метафората се лоцираат кај Аристотел во неговите легендарни книги „За поетиката" и „Реторика". Потоа следува една цела низа од теоретичари кои мошне сериозно и аналитички се занимавале со проблемот на дефинирањето и разбирањето на метафората, како што се Свети Августин (под одредницата „метонимија"), Пол Рикер, Жан Коен, Жерар Женет, Умберто Еко, Чарлс Саундерс Пирс и други. Но, кај Андоновски е типично тоа што толкувањето на разните дефиниции за метафората кај бројни автори е аналитичко, системско и, што е најважно, едноставно и со разбирливи примери. Така, во дефиницијата на Аристотел за метафората се откриваат (се посочуваат) елементите на метонимијата, односно на синегдохата (земање име на родот како име за видот, и земање име на видот како име за родот), па така станува јасно дека во минатото „терминот метафора ја означувал секоја реторичка фигура... и дека од неа водат потекло сите други реторички фигури" (Умберто Еко). Меѓутоа, она на што Андоновски особено инсистира е тоа дека метафората не треба и не смее да се сфаќа само како стилска фигура затоа што таа е многу поширок јазичен феномен. Метафората е јазична опција, модус на постоење на јазикот и на означувањето. Таа е пол на јазикот, една страна од процесот на означувањето, заедно со метонимијата којашто е другата страна од истиот процес (токму затоа се зборува за метафоричен и метонимиски пол на јазикот). Метафората е зборообразувачки процес (метафорична ономатургија). Метафората е јазична аномалија, јазичен скандал (отклонување од цврстите кодови на јазичниот систем), односно изневерување на лингвистичкиот закон за семантичка пертинентност (значенска усогласеност) меѓу субјектот и предикатот (како пример се наведува метафората „детето гори"), но и редукција на тоа отклонување (особено при декодирањето на метафората). Метафората е загатка (Аристотел) и таа треба да се одгатне за да се разбере. Разбирањето на метафората зависи и од културниот контекст и од интертекстот (У. Еко). Метафората има и гносеолошки (спознаен) карактер – со нејзина помош се растајнуваат скриени сличности меѓу различните нешта и идеи. Симболот, оксиморонот, синестезијата и знакот-икона се метафорични

феномени. И така натаму. Навистина е невозможно тука, во овој текст, да се појаснат сите аспекти на определувањето на метафората како јазичен феномен во оваа книга на Андоновски, но целта ни е само да се покаже и да се увиди системноста и екстензивноста со која авторот го објаснува значењето на овој и на другите термини.

### 5. Новото руво на семиотиката

Третиот дел од *Жива семиотика* со наслов „Облекување на семиотиката" е составен од два есеи. Тоа се есеите „Зошто јунаците на Дизни носат бели ракавици" и „Јов и ѓаволот, Фуко и Маркс". Основната цел на Андоновски овде е да илустрира како практично се применува речникот (глосарот), односно термините (семиотичките теориски алатки) што таму се детерминирани, но и да покаже дека денес семиотиката треба да се постави во енциклопедиски контекст со темата што се интерпретира, но и во содејство со бројните веќе појавени и развиени филолошки и културолошки теории за да биде таа (семиотиката) функционална во процесот на интерпретација на кој било и каков било текст, и тоа во најопштата смисла на значењето на зборот „текст".

Во првиот есеј авторот го елаборира одговорот на едно, на прв поглед, наивно и маргинално прашање – зошто јунаците на Волт Дизни (Паја Патак, Пата, Шиљо, Баја Патак, Хроми Даба) *секогаш* носат бели ракавици. Идејата на Андоновски е јасна – да се покаже дека дури и најситниот детаљ има значење, а понекогаш и суштинско значење за толкувањето на „текстот". Примарната семиотика на белите ракавици, според Андоновски, е графичка – тие претставуваат маркер на разграничување меѓу животните и луѓето – затоа што сите јунаци, освен Плутон, се антропоморфизирани и тие треба да се гледаат (да се „читаат") како луѓе. И токму во таа точка на интерпретацијата, потенцира Андоновски, неопходно е семиотиката „да се облече" во „рувото" на енциклопедискиот контекст за да може да продолжи толкувањето на знакот „бели ракавици" кај јунаците од Дизниевите стрипови. Тој контекст авторот го наоѓа во „енциклопедискиот код" на белите ракавици на масоните:

> Во случајот со белите ракавици, на пример, сосема е јасно дека меѓу едно дете од шест години кое ги читало тие стрипови и го регистрирало семиотичкиот факт (знакот) „бели ракавици" и еден штотуку упатен студент по семиотика кој совладал стотина клучни поими од оваа наука – нема да има голема разлика. Можеби студентот ќе знае да каже со технички вокабулар дека се двоуми дали тие ракавици имаат статус на конвенционален или на мотивиран знак, а детето нема да знае, но тоа не

го менува фактот дека и двајцата не можат да направат *веродостојна* (што не мора да значи и точна) интерпретација на знакот. И учениот студент и детето нема да знаат што всушност *значат* тие бели ракавици. Ќе им недостига она што Умберто Еко го именува како *енциклопедиски контекст* за разбирање на знакот. Ќе им недостига културниот контекст на масонеријата, за да можат да разберат зошто тие бели ракавици се наоѓаат на канците и шепите на Дизниевите јунаци. Поедноставно кажано – голата семиотика ќе мора да се облече во енциклопедискиот код (знаење) за масонеријата, за да може да нè доведе до задоволителна интерпретација на знакот. (стр. 334).

И потоа следува една долга низа од објаснувања за особините на масонството и за врската меѓу белите ракавици на масоните и белите ракавици на јунаците на Дизни со што ќе се отворат толкувања и на други интерактивни знаци во стриповите поврзани со масонеријата (на пример, дрвената нога на мачката Хроми Даба, односно на Куциот; трезорот, односно сефот на скржавецот Бајо Паторот; атрибутите на јунаците од стриповите што се дијаметрално спротивни од атрибутите на еден вистински масон итн.). По опширната компаративна елаборација на стриповите и масонската ложа (со помош на семиотиката „облечена“ во енциклопедискиот код на масонеријата) Андоновски заклучува дека Дизниевите стрипови, всушност, претставуваа една жестока критика на масонеријата, на нејзините приврзаници коишто ги изневеруваат позитивните принципи на масонството.

Истата техника на интерпретација е применета и во вториот есеј со наслов „Јов и ѓаволот, Фуко и Маркс“. Станува збор за толкување на библиската старозаветна „Книга Јов“ во која сатаната, со дозвола и во договор со Бог, ја искушува вербата на Јов во Бога. Разбирањето на оваа старозаветна приказна за Јов може да се постигне со семиотиката, но под услов таа да биде „збогатена“ со дополнителни енциклопедиски кодови („Разумник за сите прашања“ од „Тиквешкиот зборник“, „казнената семиотика“ на Мишел Фуко, „теоријата за вишокот на вредноста и примарната акумулација на капиталот“ на Карл Маркс). Андоновски нуди свое толкување за „Книга Јов“ со забелешката дека семиотиката заедно со мноштвото од енциклопедиски кодови може да понуди (за оваа старозаветна приказна) „море од интересни интерпретации“.

На ваков начин, со двата споменати есеја, Андоновски покажува дека денес семиотиката сè уште е жива теориска дисциплина. Но, го покажува и тоа дека „голата семиотика“, особено во рацете на епигоните, нема перспектива. „Оној кој ја користи семиотиката денес“ – нагласува Андоновски во заклучокот – „знае

дека таа нужно се дисеминирала во сите други дисциплини кои денес во хуманитарните науки ги именуваме со доста неодредениот наслов ’теории‘. И знае дека секоја нејзина алатка бара модификација, бара вонреден мета-мета-јазичен напор кај критичарот, кој според текстот треба да ги прилагоди веќе познатите семиотички поими. Настрана што секој од тие поими потем треба да се ’облече‘ во некаков контекст. Тоа, едноставно значи дека денес семиотичарот мора да знае сѐ. Ако не знае, мора да учи. Тој е семиотичар во настанување, додека работи со својот семиотички вокабулар, но и со вокабуларот на сите гранични ’теории‘... Само таква семиотика е можна денес. Жива и облечена. И уште – длабоко вкопана во библиотеките исполнети со други мудри книги“. (стр. 360).

### 6. Заклучок

*Жива семиотика* од Венко Андоновски (како прв том од серијата „Обдукција/абдукција на теоријата“) спаѓа во групата на оние многу ретки книги во кои на системски, сеопфатен, прониклив и едноставен начин се презентираат сложени проблемски теми од разни научни области. Конкретно, во оваа книга, сложената проблемска тема е семиотиката со сите нејзини „сестрински“ научни дисциплини. Преку дијахронискиот и синхронискиот пристап во дефинирањето на семиотичките термини се добива сосема јасна претстава за сите значења и за секоја примена посебно за секој обработен термин во речникот (глосарот) од *Жива семиотика*. Андоновски во оваа книга уште еднаш ја покажува својата умешност да разјаснува и да расветлува многу „темни места“ во научните дисциплини што на директен или на индиректен начин се поврзани со теоријата на книжевноста.

Сето ова, а и приложените елаборации погоре за секој посебен дел од овој прв том, ни дава за право да заклучиме дека *Жива семиотика* од Венко Андоновски ќе остане многу долго време семиотичка жива книга.

**Ранко Младеноски**